# 315. ТРГНА БАБА ПО СЕЛОТО




Тргна баба по селото,
да си сака една мома,
ќе си жене внук Стојана.

Секоа дола, крши кола,
секоа рида, дер бивола,
сам' остана една кола.

Најде баба ќетук мома,
шиник глава, дибек нози,
аршин д'га три широка,
чатмо веѓа, рамностава.

Не ја берат вратиштата,
исчукаја черчевиња,
да си влезе ќутук мома.

Стара баба си докара,
девет коли, сос биволи,
па ја качи ќутук мома.

Викна Стојан да си плаче:
- Ај, што ќе ми ќутук мома,
аршин д'га, три широка,
шиник глава, дибек нози,
чатмовеѓа, рамностава.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995